Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **МВР** за кастрење на гранки од дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на гранки од дрва кои **пречат на безбедносните камери за потребите на проектот "Сејф сити –Безбеден град" кои се наоѓаат на следниве локации:**
**-Камери на последна автобуска постојка бр.45 и гледа од раскрсницата кон бензиската пумпа на Макпетрол**
**-Камери на надвозникот во Ченто и гледаат кон населба Триангла и надвозникот**
**-Камери пред Поликлиника Бит пазар и гледаат кон ТЦ "Мавровка"**
**-Камери на надвозникот на Бит пазар и гледаат кон пластичарска улица**
**-Камери на раскрсница помеѓу ул."Македонија" и ул."Даме Груев" и гледаат кон ул."Македонија"**
**-Камери помеѓу ул."Дижонска" и ул."В.М.Бригада" и гледаат кон кружниот тек**
**-Камери помеѓу ул."Загребска" и ул."Васил Ѓоргов" и гледаат кон Црквата "Св.Никола" и Капиштец**
**-Камери кај Фонтана Лотосов цвет и гледаат кон бул."Илинден"**
**-Камери пред влезот на ГТЦ од кај х.Холидеј Ин и гледаат кон Градска болница**
**-Камери позади Собрание на РМ и гледат кон ул."Даме Груев"**
**-Камери спроти Кинеска амбасада и гледаат кон бул."Партизански одреди"**
**-Камери кај ресторан Уранија и гледаат кон влезот на Луна парк**
**-Камери помеѓу ул."Бутелска" и ул."Натанаил Кучевишки" и гладаат кон ТЦ**
**-Камери на ул."Македонија" кај Бикот и гледаат кон Министерство за финансии**
**-Камери кај старата билетара во Градски парк и гледаат кон кејот**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**По поднесеното,** барање од **МВР, ул. "Димче Мирчев" бр.9 -Скопје,** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр.**14-6/534** од **24.07.2023** година, за кастрење на дрвата што се наоѓаат **на горе наведените локации,** службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека гранките од дрвата пречат на безбедносните камери за потребите на проектот "Сејф сити –Безбеден Град".
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото пречи на камерите , и во случајот постои потреба од кастрење.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/534/2**
**31.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

Раководител на сектор
**Зоран Лалевски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

_______________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ), постапувајќи по барање на МВР,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинива одложното дејствие на жалбата на решението со бр.14-6/534/2 и од 31.07. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје.
2.Решението со бр.14-6/534/2 од 31.07.2023 год., донесено од градоначалникот на град Скопје може да се реализираат веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барање на МВР, овој орган, има донесено решение бр. 14-6/534/2 од 31.07. 2023 год. Со истото е утврдено дека гранки од дрва пречат на безбедносните камери за потребите на проектот "Сејф сити – Безбеден Град".
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека гранките од дрвата пречат на безбедносните камери, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-6/534/3**
**31.07.2023** година
Скопје

**Доставено до: Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" –Скопе и Архива**

Изработил:
**Игор Трпковски**

______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

______________